совет за етика во
медиумите на македонија

06.06.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Душица Мрѓа, за содржината со наслов “Креваат “револуција”, а во недела одмараат во Австрија, Истанбул и по ресторани и мориња”, објавена на 25.04.2016 година, во 12 часот и 58 минути, на Интернет порталот на телевизија Сител (www.sitel.com.mk)**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7, 1, 13 и 16.

Член 7.

*“Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.”*

Член 1.

*“Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

*прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угладот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги."*

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 26.04.2016 година, Душица Мрѓа поднесе жалба за содржината со наслов "Креваат "револуција", а во недела одмораат во Австрија, Истанбул и по ресторани и мориња", објавена на 25.04.2016 година, во 12 часот и 58 минути, на Интернет порталот на телевизија Сител (www.sitel.com.mk).

Во жалбата се наведува дека со содржината се нарушува приватноста.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Сител и побара

уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Главниот и одговорен уредник на Сител, Драган Павловиќ-Латас во својот одговор, меѓу другото, наведе дека уредништвото на телевизијата не сноси одговорност особено поради тоа што таква вест не постои во ТВ програмата.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 20.05.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката Душица Мрѓа и направи увид во наведената содржина. Комисијата констатираше дека во текстот "Креваат "револуција", а во недела одмараат во Австрија, Истанбул и по ресторани и мориња" има принт-скрин (елекронска копија) од лицето Душица Мрѓа каде пишува дека престојува во некој рибен ресторан, но на сликата на прин-скринот се забележуваат две машки лица и едно дете на кое не му се гледа ликот. Комисијата констатираше дека лицата на фотографијата не се познати за пошироката јавност и не се носители на јавни функции, додека лицето Душица Мрѓа е позната како новинар/уредник во ТРД 24 вести

***

При своето одлучување Комисијата го зеде предвид фактот што на веб-страницата на телевизија Сител, на дното, е наведено дека авторските права на страницата им припаѓаат на телевизијата Сител и е ставено лого за заштита на авторските права во согласност со Законот за авторското право и др. сродни права .

Исто така, Комисијата при увидот констатираше дека на страницата на ТРД Сител нема импресум со имиња на уредниците и новинарите.

Комисијата направи увид и во регистерот на интернет домени во Македонија- МАР нет, и констатираше дека интернет доменот sitel.mk со регистрант NEXT-R36628 е во сопственост на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, со адреса на ул. 1732 бр.2, Скопје, 1000, МК.

Дополнително, Комисјата направи увид и во податоците за радио-дуфузерите во Македонија објавени на интернет страницата на Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги каде што во согласност со законската обврска на Агенцијата која произлегува од Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги се објавени и имињата на главните уредници на сите ТРД во државата. Од регистарот на телевизиите јасно се согледува дека главен и одговорен уредник на телевизијата Сител е Драган Павловиќ- Латас.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата констатираше дека интернет страницата sitel.mk е во сопственост на ТРД Сител, каде за авторските права на новинарските содржини и на правното лице, но и за она што е објавено одговара гл. и одг. уредник Драган Павловиќ-Латас.

Покрај другото, Комисијата ја зеде предвид и пресудата на ЕСЧП Von Hannover v. Germany (No. 2), 2012, каде во во одредени детали се поставуваат клучните критериуми за балансирано објавување што треба да се земат предвид при појава на конфликт меѓу слободата на изразување и приватноста. Судот наведува: **“Концептот на приватниот живот се протега на аспекти што се однесуваат на личниот идентитет, како што се името на лицето, фотографиите или физичкиот и моралниот интегритет; гаранцијата што ја дава член 8 од Конвенцијата првенствено е наменета да обезбеди развој, без надворешно мешање, на личноста на секој поединец во неговите односи со други луѓе. Според тоа, постои зона на интеракција на едно лице со друго, дури и во јавен контекст, која може да потпадне во доменот на приватниот живот. Објавувањето фотографии, според тоа, може да претставува упад во приватниот живот на некое лице, дури и кога тоа лице е јавна личност.”**

***

Поради вака утврдената фактичка состојба Комисијата најде дека лицата на објавената фотографија треба да уживаат медиумска заштита на приватниот живот, што во овој случај не е сторено од страна на медиумот, бидејќи нивниот приватен живот во никој случај не може да претставува јавен интерес.

***

Комисијата за жалби најде дека во содржината со наслов “Креваат “револуција”, а во недела одмараат во Австрија, Истанбул и по ресторани и мориња”, објавена на 25.04.2016 година, во 12 часот и 58 минути, на Интернет страницата на телевизија Сител, прекршен е членот 7 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание на јавниот интерес. Во такви ситуации треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози некоја друга личност.

Комисијата за жалби најде дека прекршен е и членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди “втора страна”, односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата констатираше дека е прекршен член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар,

претпоставка или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Понатаму, Комисијата за жалби најде дека е прекршен и член 16, според кој ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување на само што го намалува нивнот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Сефер Тахири, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски и Мери Јордановска.

**Се обврзува Интернет порталот на телевизија Сител (www.sitel.com.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски